**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**

Врз основа на член 34-в став (3) од Законот за бесплатна правна помош („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19 и 194/24), министерот за правда донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ТРОШКОВНИКОТ ЗА НАГРАДАТА И НАДОМЕСТОКОТ ЗА ИЗВРШЕНО ВЕШТАЧЕЊЕ И СУПЕРВЕШТАЧЕЊЕ ЗА СУБЈЕКТИТЕ КОИ ВРШАТ ВЕШТАЧЕЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на трошковникот за наградата и надоместокот за извршено вештачење и супервештачење за субјектите кои вршат вештачење.

Член 2

Трошковникот за наградата и надоместокот за извршеното вештачење или супервештачење се поднесува на Образец, кој е отпечатен на хартија со бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на образецот на трошковникот од ставот 1 на овој член, е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 21-958/3
19 јуни 2025 година
Скопје

Министер за правда,
**Игор Филков,** с.р.

Прилог

**ТРОШКОВНИК ЗА НАГРАДАТА И НАДОМЕСТОКОТ ЗА ИЗВРШЕНО ВЕШТАЧЕЊЕ/СУПЕРВЕШТАЧЕЊЕ ЗА СУБЈЕКТИ КОИ ВРШАТ ВЕШТАЧЕЊЕ**

| **1. ПОДАТОЦИ ЗА ВЕШТАКОТ/ПРАВНОТО ЛИЦЕ КОЕ ВРШИ ВЕШТАЧЕЊЕ** | | |
|---|---|---|
| 1.1 Име, презиме и адреса -физичко лице /тел бр/е.пошта.<br>1.2 Назив и седиште -правното лице кое врши вештачење; Тел. Бр.; Е-пошта; | | |
| 1.3 Област на вештачење | | |
| 1.4 Број на лиценцата и датум на издавање | | |
| 1.5 Трансакциска сметка / депонент банка и ЕДБ | | |
| **2. ПОДАТОЦИ ЗА ПРАВНАТА РАБОТА** | | |
| 2.1 Име и презиме на корисникот на секундарната правна помош | | |
| 2.2 Број и датум на потврдата/решението со кое е одобрена секундарна правна помош | | |
| 2.3 подносител на барање за вештачење | а) Адвокат<br>б) Суд | |
| **3. НАГРАДА И НАДОМЕСТОК ЗА РЕАЛНО НАПРАВЕНИ ТРОШОЦИ** | | |
| **3.1 Тарифирани дејствија** | **Износ на награда и надоместок во денари** | **Износ на награда и надоместок во денари намален за 40%** |
| | | |
| **Вкупно** | | |

Кон трошковникот вештакот/правното лице задолжително ги доставува следните документи:

- Копија од лиценца на вештакот кој го извршил вештачењето;
- Копија од потврдата со која е одобрена секундарна правна помош;
- Копија од барањето за вештачење односно наредбата од судот;
- Копија од изработениот наод и мислење;
- Копија од доставница за врачено вештачење на адвокатот/Потврда за прием
- Други пропратни документи доколку се потребни за поткрепа на тарифираната награда и/или трошоци;